СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

# ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ

# НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

## за период од 1-ви Јануари 2024 година до 31 Декември 2024 година

Скопје, Април2025 година

# ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ

## на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија

за периодот од 1-ви Јануари 2024 до 31-ви Декември 2024 година

1.Општи податоци за организацијата со статус од јавен интерес

1.1 Назив на здружението од јавен интерес: **Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија**

1.2 Седиште: **ул. Кочо Рацин бр.14 - СКОПЈЕ**

1.3 Податоци за контакт: **тел. 3 223 710, e-mail: kontakt@szpm.org.mk и Web: www.szpm.org.mk**

1.4 Дејност од јавен интерес: **Култура- сценско уметничка дејност за подготвување и јавно изведување народни песни и игри, како дела од фолклорот, согласно прописите од областа на културата.**

1.5 Години на дејствување: 79 години

1.6 Ниво на дејствување: **На Национално ниво**

1.7 Организациска структура: **Собрание на Сојузот, Извршен одбор, Надзорен одбор, Статутарна комисија и други комисии формирани од страна на Извршниот одбор, Издавачки совет и Редакциски одбор за месечен весник „Пензионер плус“.**

1.8 Човечки ресурси: **Избрани лица: Претседател на Сојузот и Извршниот одбор, Претседател на Собранието на Сојузот, Потпретседател на Извршниот одбор и Секретар на Извршниот одбор.**

**Стручни служби:** 1.**Соработник за финансиски-административни работи; 2.Соработник за благајничко-архивски работи; .3 Соработник за утврдување на членството. 4.Соработник за административно-технички работи; 4.Возач и доставувач на пошта; 5.Главен и одговорен уредник на весникот „Пензионер плус“; 6. Уредник на весникот; 7.Лектор на весникот; 8. Информатичар за компјутерско и графичко уредување на весникот; 9.Уредник за ВЕБ – страната на СЗПМ; 10. Преведувач за на текстови од македонски на албански јазик; и 11. Хигиеничар**

Членство во домашни и меѓународни мрежи: **не**

2. Буџет

2.1 Вкупен буџет: **9.759.487 денари**

2.2 Извори на финансирање: **Членарина 9.064.266 денари со уч. од 92,9%, Приходи од дадени услуги (реклами) 213.210 денари со уч. 2,2%, Приходи од проекти – грант 61.300 денари со уч. 0,6% и Останати приходи и приходи од камати 420.711 денари со уч.4,3%.**

3. Резиме на програмата за работа:

1.**Следење на остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување**

- заложби за редовна исплата на пензиите;

- тековно следење на движењето на параметрите за усогласување на пензиите;

- следење и давање на мислење за измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, како и други закони кои се од значење за обезбедување на материјалната и социјалната сигурност на пензионерите;

Во 2024 година, пензиите во Република Северна Македонија се усогласија од 1март 2024 година со 5,3% (со 50% од порастот на платите и 50% од порастот на трошоците на животот во претходното полугодие),а од 1 септември 2024 година, согласно измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување во делот на усогласување на пензиите, пензиите се зголемија за 2.500 денари линеарно за сите корисници на пензија. Со овие зголемување просечната пензија во Република Северна Македонија на крајот на годината изнесува 23.785 денари што преставува зголемување од 17,7% во однос на просечната пензија во 2023 година.

**2.Здравствена зашита на корисниците на пензија**

Во овој период приоритетна задача на Сојузот беше котинурана заштита на лицата од третата доба и грижа за подобро здравје и поквалитетен живот за здраво стареење.

Сојузот достави барање до Министерството за здравство за промени на позитивната листа на лекови и ослободување од партиципација за болничко лекување за сите возрасни луѓе над 65 години, признавање на трошоците за лекување во приватните здравствени установи до цените на јавното здравствено осигурување.Во однос на овие барања прифатено е барањето за ослободување од партиципација за болничко лекување на пензионери чија пензија изнесува до 18.000 денари.

На крајот на годината достави ново барање за зголемување на лимитот за ослободување од болничка партиципација на пензионери чија пензија ќе изнесува 23.000 денари, имајќи предвид дека со зголемување на пензиите за 2.500 денари

од 1 септември 2024 година и 2500 денари од 1 март 2025 година, најниската пензија ќе изнесува над 18.000 денари и ќе нема корисник на пензија кој ќе биде ослободен од партиципација.

Во оваа година "Промедика офтомологија" која се спои со "Систина офтомалогија" даде можност пензионерите да бидат ослободени за плаќање за преглед од специјалист офтомолог за 30% од редовната цена и значително пониска цена за операција на катаракта во зависност од квалитетот на леќата што ќе ја избере пензионерот.

Во 2024 година со одлука на ФЗОРСМ,се прошири позитивната листа на одредени лекови со нови лекови со што делумно се остварија заложбите на Комисијата за здравство за проширување на позитивната листа. Комисијата и натаму ќе се ангажира за проширување на позитивната листа со лекови кои најчесто ги користат пензионерите, односно повозрасните лица.

**3.Ревија, песна, музика и игри**

Во организација на Сојузот се организираа манифестации на 22-тите регионални ревии на песни, музика и игри кои се одржаа од 17 април до 21 мај 2024 година, во осум региони во кои беа вклучени сите здруженија на пензионери, а со цел зачувавување на културно богатство, традиција и идентитет.

По завршување на регионалните ревии на песна, музика и игри се одржа 14-тата Републичка ревија на 8.06.2024 година во Домот на АРМ во Скопје.

За организирање на регионалните ревии и републичката ревија задолжена беше Комисијата за културно-забавен живот која успешно ја заврши оваа значајна активност.

По завршувањето на ревиите, Организациониот одбор на Сојузот избра две здруженија и тоа: Здружението на пензионери од Македонска Каменица и Здружението на пензионери од Ѓорче Петров кои учествуваа на престижниот фестифал „Трета животна доба" во Љубљана Р.Словенија, кој се одржа во Цанкаревиот дом на 30.9 2024 до 2.10.2024 година 2024 година.

На фестивалот настапија пеачи од Словенија, Македонија, Италија , Хрватска и Унгарија.

Нашите преставници имаа впечатлив настап на отворената сцена за што беа наградени со силен аплауз и беа придружени од публиката во орото кое се поведе во холот.

**4.Спорт и спортски активности**

Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија на спортот и спортските активности им придава големо значење. Како резултат на тоа спортските активности се едни од најмасовните дејности и на Сојузот и на здруженијата на пензионери кои се зацртани во сите програмски задачи.Во организација на Сојузот и здруженијата успешно се одржаа 28- те регионални спортски натпревари во осум региони со застапеност на сите спортски дисциплини.

Региоанлните спортски активности во сите осум региони се одржаа во месеците Мај и Јуни 2024 година.

По завршување на регионалните спортски натпревари, на 10.09.2024 се одржаа 28-те Републички спортки натпревари во комплексот "Њу стар" во Скопје. На овие натпревари учествуваа 44 здруженија на пензионери членки на Сојузот со вкупно 371 натпреварувачи од кои 224 во машка конкуренција и 147 во женска конкуренција.

Оваа најмасовна спртска манифестација се одржа во чест на одбележување на 8 - ми септември, Денот на независноста на Република Македонија и 20- ти септември Денот на пензионерите.

Спортките активноси се значајни заради превенција на здравјето на пензионерите за подобрување на психо-физичката состојба со заложба да се унапредуваат и со поголе опфат на учесници.

**5.Соработка на Сојузот**

Сојузот во 2024 година соработуваше со Фондот на пензиско и инвалидско осигурување во размена на податоци за членството на пензионери по здруженија на пензионери, за исплата на средствата за Солидарен фонд – посмртна помош и членарина и други прашања околу исплата и усогласување на пензиите.

Сојузот соработуваше и со Министерството за финансии за дополнување на Законот за личен доход во делот на надоместоци за кои не се плаќа данок на доход и за зголемување на лимитот на пензијата до кој не се плаќа болничка партиципација.

До Министерството за Социјална заштита, демографија и млади, Сојузот достави барање за усогласување на пензиите од 1 јануари и 1 јули, наместо од 1 март и 1 септември, со што се скратува правото на тековното зголемување од 4 месеци.

Ова прашање беше разгледано и на Советот за социјална сигурност.

**6.<u>Транспарентност и отчетност :</u>**

- Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, располага со имот во износ од 26.474.391 денари

- Во овој период нема извршени статусни промени;

- Нема судир на интереси во работењето ;

- Нема поведена постапка за престанок и забрана на работата:

- Нема поведување на постапка за стечај;

-Не постои блокирана трансакциската сметка;

- Деловниот и финансискиот извештај се објавени на ВЕБ страната на СЗПМ;

- Извршена е ревизија на финансиското работење и Извештајот од независниот ревизор е објавен на Веб страната на СЗПМ.

Треба да се истакне дека финасиското-материјално работење целиот период го следеше Надзорниот одбор на СЗПМ и на одржаните седници беа разгледувани два периодични финансиски извештаи и Годишниот финансиски извештај за остварување на приходите и расходите како и Извештајот за работата на Сојузот во 2024 година, со посветено посебно внимание за начинот на располагањето со средствата од аспект на наменско користење, почитување на законите и подзаконските акти. Од одржаните седници за констатираната состојба, Надзорниот Орган изготвуви Извештаи и ги доставуви до Извршниот одбор и Собранието на СЗПМ на усвојување.

СКОПЈЕ, _11__. 04..2024 година

Место Датум

Менка Темелковска

Лице одговорно за составување

на извештајот

Своерачен потпис

---------------------------

Станка Трајкова

Одговорно лице на организацијата

со статус од јавен интерес

---------------- М. П.

Своерачен потпис